# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕХАНИКА НА ПОЧВИ” – ЗБИРКА ЗАДАЧИ ОД ДОЦ. Д-Р РИСТО ПОПОВСКИ И ДОЦ. Д-Р РАДМИЛА КАРАНАКОВА СТЕФАНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-301/27 од 14. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 15.12.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Зоран Панов, редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– д-р Тодор Делипетров, редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Механика на почви**” **– збирка задачи** од **авторите доц. д-р Ристо Поповски и доц. д-р Радмила Каранакова-Стефановска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис со наслов „Механика на почви“ – збирка задачи целосно ја покрива Наставната програма за предметот Механика на почви на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Предметот за којшто е наменет ракописот се слуша во трета година, петти семестар на Институтот за рударство, со неделен фонд на часови 2+1+1. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на збирка задачи по предметот Механика на почви, е претставен на вкупно 85 страници. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ваков ракопис, што обработува иста содржина, досега не е објавен на Универзитет „Гоце Делчев”.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во 7 (седум) тематски целини и тоа:

1. Основни поими
2. Ефективен напон
3. Напони во почвата
4. Цврстина на почвата
5. Слегнување на почвата
6. Хоризонтални притисоци на почвата
7. Стабилност на косини.

Во првата тема се дадени решени 12 примери на задачи поврзани со основните параметри во механиката на почви, како што се волуменска тежина, заситеност, влажност, порозност, граница на течење итн.

Во втората тема се дадени решени 11 примери на задачи поврзани со ефективниот напон.

Во третата тема се дадени 10 решени примери на задачи поврзани со појавата на напонски состојби во почвата.

Во четвртата тема се решени 14 примери на задачи кои се однесуваат на пресметување на цврстината на почвата.

Во петтата тема се решени 10 примери на задачи за пресметување на слегнувањето на почвата под дејство на различни оптоварувања.

Во шестата тематска единица се дадени 9 решени примери на задачи кои се однесуваат на пресметување на хоризонталните притисоци во почвата.

Во последната, седма тема, се дадени 4 решени примери на задачи поврзани сопресметувањето, односно одредувањето на стабилноста на косините.

Оваа збирка на задачи по содржина, обем и формат ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот „Механика на почви“ - збирка задачи во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Механика на почви, наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Механика на почви“ - збирка задачи од доц. д-р Ристо Поповски и доц. д-р Радмила Каранакова-Стефановска да биде издаден како учебно помагало за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Зоран Панов, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Делипетров, редовен професор, с.р.**